З А К О Н
ЗА ПОЛИЦИЈА
Редакциски пречистен текст [1]

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат полициските работи, организацијата на Полицијата, полициските овластувања и правата и обврските што произлегуваат од работниот однос на полициските службеници во Министерството за внатрешни работи (во натамошниот текст: Министерството), што не се уредени со Законот за внатрешни работи.

Член 2

Полицијата е дел од Министерството во кој се вршат полициски работи преку полициски службеници.

Полициски службеник е овластено службено лице согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи, униформиран и неуниформиран припадник на Полицијата со полициски овластувања, кој ги врши полициските работи во согласност со закон.

Член 3

Основна функција на Полицијата е заштита и почитување на основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, заштита на правниот поредок, спречување и откривање на казниви дела, преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела, како и одржување на јавниот ред и мир во општеството.

Член 4

Заради создавање услови за работа на Полицијата, во Министерството:

1) се утврдуваат кадровските и образовните потреби, принципите за напредување во службата и управувањето со човечките ресурси;

2) се донесуваат развојни, организациски и други насоки за работа;

---

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за полиција, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.114/06, Одлуката на Уставниот суд на РМ, У. бр.211/2006 , објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 148/08, Законот за изменување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 6/09, одредбите од Законот за внатрешни работи објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 92/09 со кои е интервенирано во Законот за полиција, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.145/12, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.41/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.33/15, Законот за изменување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.31/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.106/16, Законот за изменување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.120/16, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.21/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.21/18, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.64/18, Законот за изменување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.294/21, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.89/22, Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.160/25, Законот за изменување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.258/25 и Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција, објавен во „Службен весник на РСМ“ бр.15/26, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

3) се донесуваат планови за користење на материјално-финансиски средства;

4) се донесуваат и спроведуваат планови за изградба и користење на информациски системи за сопствени потреби;

5) се донесуваат и спроведуваат планови за изградба и користење на радио-комуникациски и телекомуникациски системи за сопствени потреби;

6) се утврдуваат потреби за развој и примена на современи научни, криминалистички достигнувања и примена на технички средства;

7) се развива и унапредува меѓународната полициска соработка;

8) се организира и спроведува надзор, внатрешна контрола и финансиска ревизија и

9) се вршат други работи утврдени со закон.

II. ПОЛИЦИСКИ РАБОТИ

Член 5

Полициски работи, во смисла на овој закон, се дејствија на полициските службеници што се однесуваат на:

- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело,
- одржување на јавниот ред и мир;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- контрола на движење и престој на странци;
- гранични проверки и граничен надзор,
- укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
- обезбедување на определени личности и објекти и
- други работи утврдени со закон.

Член 6

Полицијата укажува помош на државните органи, општините и на градот Скопје, на правни и физички лица во спасувањето на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи.

Член 7

(1) Полицијата укажува помош (асистенција):

- за спроведување на извршна одлука, доколку при спроведувањето на извршувањето, надлежниот државен орган, односно лицата кои со посебен закон се овластени да го спроведат извршувањето, наидат на физички отпор или таков отпор може оправдано да се очекува,
- по барање за асистенција предвидена со посебен закон (за обезбедување на превоз на експлозивни материи, вонреден превоз и придружба на определени стоки и друго) и

- по барања на државни органи, институции што вршат јавно овластување и правни лица, во врска со обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки, односно предмети од вредност, а по претходно склучен договор со подносителот на барањето.

(2) Барањето за асистенција надлежниот орган го поднесува до Полицијата во писмена форма, најдоцна пет дена пред спроведувањето на извршувањето, односно пет дена пред денот за кој е утврдена потреба за давање на помош (асистенција).

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, барањето за обезбедување на транспорт на пари и други вредносни пратки, односно предмети од вредност, надлежниот орган го поднесува до Полицијата во писмена форма, најдоцна 36 часа пред почетокот на транспортот, освен во итни случаи кои не трпат одлагање кога барањето може да го достави во рок од шест часа пред почетокот на транспортот.

(4) Раководителот на надлежната организациска единица одлучува за начинот на давање на помошта (асистенцијата) и за тоа навреме го известува подносителот на барањето.

(5) Раководителот на надлежната организациска единица од безбедносни и други оправдани причини може да го одложи давањето на помошта (асистенцијата) од ставот 1 на овој член.

Член 7-а

Трошоците за извршената асистенција паѓаат на товар на барателот на асистенцијата.

Министерот за внатрешни работи донесува решение за наплата на трошоците за укажување на помош (асистенција), чија вредност се определува по работен час, број на ангажирани работници и поминат километар.

Од наплатените средства за извршена асистенција, 25% се уплатуваат на буџетската сметка на Министерството.

Член 8

Кога лицето кон кое се применети полициските овластувања согласно со овој закон, смета дека полицискиот службеник ги повредил неговите слободи и права, има право на претставка до Полицијата.

Полицијата е должна да изврши проверка по наводите во претставката од ставот 1 на овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката, во писмена форма, да го извести подносителот за преземените мерки.

Член 9

Министерот за внатрешни работи (во натамошниот текст: министерот) до Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата), доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно.

Министерот до Собранието на Република Северна Македонија и неговите работни тела, доставува писмен извештај за извршените полициски работи најмалку еднаш годишно.

Писмениот извештај за извршените полициски работи Министерството го објавува на начин достапен за јавноста (интернет страница, средства за јавно информирање и друго).

Член 10

Полицијата ја известува јавноста за прашањата од нејзина надлежност.

На барање на граѓаните, државните органи, јавните претпријатија и на други правни лица, Полицијата им дава информации, податоци и известувања за прашања од својот делокруг за кои тие се непосредно заинтересирани.

Нема да се даваат информации, податоци и известувања кои согласно со закон се определени со соодветен степен на класификација, освен кога се исполнети условите утврдени со посебен закон.

Нема да се даваат лични податоци со кои располага Министерството, освен во случаи утврдени со овој и посебен закон.

Информациите, податоците и известувањата од ставовите 1 и 2 на овој член ги дава овластен работник од министерот.

Член 11

Полицијата соработува со граѓаните, државните органи, здруженија на граѓани и други правни лица заради спречување или откривање на кривични дела и прекршоци.

Полицијата соработува со органите на општините и на градот Скопје за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Заради остварување на соработката и зацврстување на влијанието на јавноста во работата на Полицијата од ставовите 1 и 2 на овој член можат да се формираат советодавни и координативни тела (совети и комисии), со цел да се изградат заеднички препораки за подобрување на јавната безбедност на подрачјето на општината и на градот Скопје, градење доверба и партнерски односи во превенирањето на појавите што влијаат на безбедноста.

Член 12

Полицијата соработува со странски полициски служби и меѓународни полициски организации, согласно со ратификуваните меѓународни договори и членството во меѓународни полициски организации и институции.

Член 13

Полицискиот службеник е должен надвор од работното време да преземе неопходни мерки според околностите на случајот, заради заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните.

Член 14

Полицискиот службеник по службена должност или по наредба на јавниот обвинител, суд или друг орган кога е тоа утврдено со закон, презема мерки и применува полициски овластувања што се однесуваат на откривање на казниво дело и гонење на неговиот сторител кога постојат основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело.

Основи на сомневање постојат кога Полицијата располага со сознанија кои врз основа на криминалистичко знаење и полициско искуство може да се оценат како доказ за сторено казниво дело.

Кога постојат основи на сомневање дека одредено лице подготвува, извршува или извршило кривично дело или прекршок, или постојат основи на сомневање дека одредена појава го загрозува или би можела да го загрози животот или

телесниот интегритет на луѓето, нивните права, слободи, безбедноста или имотот во врска со вршењето на полициските работи, како и заради откривање на кривично дело или прекршок, пронаоѓање на сторителот, спречување сторителот да се скрие или побегне, да се откријат и обезбедат траги и предмети кои можат да послужат како доказ и да се прибираат информации кои можат да бидат од корист за успешно водење на кривичната и прекршочната постапка Полицијата врши криминалистичко истражување со примена на полициските овластувања, оперативно-тактички и превентивни мерки согласно со закон.

Криминалистичкото истражување започнува со полициски извид или со одлука на надлежен полициски службеник за воспоставување и спроведување на криминалистичка контрола, криминалистичка обработка и акција за што се водат соодветни евиденции согласно со закон.

Член 14-а

Заради превентивно дејствување и спречување на казниви дела Полицијата може да воспостави зајакната оперативна контрола на лица и објекти.

III. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 15

Полициските работи во Министерството ги врши Биро за јавна безбедност (во натамошниот текст: Бирото), како орган во состав на Министерството.

Во надлежност на Бирото е:

1) концептуално планирање, следење и анализирање на безбедносната состојба и причините за појава на криминалитет и загрозување на јавната безбедност;

2) усогласување, насочување, генерален и стручен надзор и контрола над работата на организационите единици на Полицијата;

3) собирање, обработка, анализа, користење, оценување, пренос, чување и бришење на податоци од делокругот на работа на Полицијата, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

4) учество во вршењето на одредени сложени работи од делокругот на работа на организационите единици на Полицијата;

5) спроведување на ратификуваните меѓународни договори за полициска соработка и други меѓународни акти за кои е надлежна Полицијата;

6) предлагање стандарди за опрема и материјално-технички средства за организационите единици на Полицијата;

7) грижа за подготвеноста на Полицијата за дејствување и работа во услови на сложена безбедносна состојба;

8) организирање и извршување на криминалистичко-технички работи и

9) други работи утврдени со закон.

Генералниот надзор ја опфаќа организационата структура на Полицијата, методологијата на работа на Полицијата и се врши еднаш на четири години.

Стручниот надзор се врши по наредба на директорот на Бирото доколку се оцени потреба за надзор на почитувањето на пропишаните стандарди и постапки за работа на Полицијата.

Член 16

Со Бирото раководи директор, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, за време од четири години.

За директор може да биде именувано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следниве посебни услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да нема државјанство на друга држава;

3) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

4) да има стекнато најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен најмалку VII/2 степен на образование од областа на општествените науки;

5) да има најмалку 12 години работно искуство во полициските работи, од кои најмалку пет години на раководни или советодавни позиции;

6) поседува меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или поседува сертификат, уверение и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга;

7) да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија;

8) со безбедносна проверка, која се врши врз основа на негова претходна писмена согласност, да е утврдено дека не постои безбедносен ризик за негово именување;

9) да не е во состојба на судир на интереси, односно да не е утврдено постоење на судир на интереси, согласно со закон;

10) да има положено тест за интегритет.

Функцијата на директорот престанува пред истекот на мандатот:

- на негово барање,
- ако ги исполни условите за пензија или
- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.

Директорот може да биде разрешен од функција пред истекот на мандатот доколку:

- нестручно и несовесно ја извршува функцијата,
- не постапи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или
- престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член.

Член 16-а

Директорот има заменик, кој на предлог на министерот го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија, за време од четири години.

За заменик на директорот може да биде именувано лице кое ги исполнува условите од членот 16 став 2 од овој закон.

Функцијата на заменик-директор престанува пред истекот на мандатот:

- на негово барање,
- ако ги исполни условите за пензија или
- ако трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата.

Заменик на директорот може да биде разрешен од функција пред истекот на мандатот доколку:

- нестручно и несовесно ја извршува функцијата,
- не постапи согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси или
- престане да исполнува некој од условите од ставот 2 на овој член.

Заменикот на директорот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето и врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери.

Заменикот на директорот за својата работа е одговорен пред министерот и Владата.

Член 16-б

Директорот на Бирото издава наредби од областа на полициското и криминалистичкото работење.

Член 17

За вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација како и потреба од ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија и за потребите на Одделот за внатрешни работи - Скопје и секторите за внатрешни работи, во рамките на Бирото за јавна безбедност се формираат организациски единици во кои се извршуваат работите од областа на криминалистичката полиција, униформираната полиција, граничната полиција, специјалните полициски операции, како и други работи утврдени со закон.

Член 18

Во Бирото за јавна безбедност, како дел од криминалистичката полиција функционира организациска единица за сузбивање на организиран криминал, надлежна за спречување и откривање на:

- кривични дела извршени од структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува со цел да изврши едно или повеќе кривични дела за кои е предвидена казна затвор од најмалку четири години, со намера директно или индиректно да стекне финансиска или друга корист,
- кривични дела извршени од структурирана група или злосторничка организација на подрачјето на Република Северна Македонија или други држави или кога кривичното дело е подготвено или планирано во Република Северна Македонија или во друга држава,
- кривични дела злоупотреба на службена положба и овластување од членот 353 став (5), примање на поткуп од значителна вредност од членот 357 и противзаконито посредување од членот 359, сите од Кривичниот законик,

извршени од избран или именуван функционер, службено лице или одговорно лице во правно лице и

- кривични дела неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори од членот 215 став (2), перење пари и други приноси од казниво дело од поголема вредност од членот 273, терористичко загрозување на уставниот поредок и безбедноста од членот 313, давање поткуп од значителна вредност од членот 358, незаконито влијание врз сведоци од членот 368-а став (3), злосторничко здружување од членот 394, терористичка организација од членот 394-а, тероризам од членот 394-б, кривични дела трговија со луѓе од членот 418-а, кривични дела криумчарење со мигранти од членот 418-б, трговија со малолетно лице од членот 418-г и другите кривични дела против човечноста и меѓународното право од Кривичниот законик, независно од бројот на сторителите.

Организациската единица од ставот 1 на овој член ги врши и работите за откривање и спречување на кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години кои по својата природа се транснационални.

Организациската единица од ставот 1 на овој член во извршувањето на своите работи соработува и ги спроведува насоките добиени од јавниот обвинител, согласно со закон.

Организациската единица од ставот 1 на овој член при извршувањето на своите работи добива поддршка во материјални и човечки ресурси од организациските единици во Бирото.

Член 19

Заради заштита на безбедноста на Република Северна Македонија, кога јавниот ред и мир е нарушен во поголем обем или заради спасување на луѓето и имотот при природни непогоди и други несреќи, директорот на Бирото може од полициските службеници да формира полициски единици за извршување на определени задачи.

Член 20

За вршење на полициските работи, на територијата на Република Северна Македонија се формираат Оддел за внатрешни работи - Скопје и сектори за внатрешни работи.

Одделот за внатрешни работи - Скопје и Секторите за внатрешни работи се формираат во зависност од големината на подрачјето, бројот на населението, бројот на кривичните дела и прекршоците, како и значењето на патните правци и географската положба на општините кои ги зафаќа секторот за внатрешни работи.

Одделот за внатрешни работи - Скопје и Сектори за внатрешни работи, согласно со овој закон се:

1) Оддел за внатрешни работи - Скопје , со седиште во Скопје, за вршење на полициски работи на подрачјето на градот Скопје и општините Арачиново, Зелениково, Илинден, Петровец, Сопишта, Студеничани и Чучер Сандево;

2) Сектор за внатрешни работи - Битола, со седиште во Битола, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Битола, Демир Хисар, Долнени, Крушево, Кривогаштани, Македонски Брод, Могила, Новаци, Пласница, Прилеп и Ресен;

3) Сектор за внатрешни работи - Велес, со седиште во Велес, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Велес, Градско, Демир Капија, Кавадарци, Неготино, Росоман и Чашка;

4) Сектор за внатрешни работи - Куманово, со седиште во Куманово, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Кратово, Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане;

5) Сектор за внатрешни работи - Охрид, со седиште во Охрид, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Вранешница, Вевчани, Дебар, Дебарца, Другово, Зајас, Кичево, Осломеј, Охрид, Струга и Центар Жупа;

6) Сектор за внатрешни работи - Струмица, со седиште во Струмица, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Богданци, Босилово, Валандово, Василево, Гевгелија, Дојран, Конче, Ново Село, Радовиш и Струмица;

7) Сектор за внатрешни работи - Тетово, со седиште во Тетово, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Боговиње, Брвеница, Врапчиште, Гостивар, Желино, Јегуновце, Маврово и Ростуша, Теарце и Тетово и

8) Сектор за внатрешни работи - Штип, со седиште во Штип, за вршење на полициски работи на подрачјето на општините Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Лозово, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Свети Николе, Чешиново - Облешево и Штип.

Член 21

За вршење на полициските работи Одделот за внатрешни работи - Скопје и секторот за внатрешните работи:

1) ја следи и анализира безбедносната состојба и појавите кои предизвикуваат настанување и развој на криминалитетот и настани кои ја доведуваат во опасност јавната безбедност на подрачјето за кое е формиран;

2) ја организира, усогласува, насочува и врши контрола на работата на полициските станици;

3) врши криминалистички работи и работи на превенција на криминалитетот;

4) собира, обработува, анализира, користи, оценува, пренесува, чува и брише податоци од делокругот на работата на Полицијата за подрачјето за кое е формиран, како и врши обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;

5) непосредно учествува во извршување на сложените работи од делокругот на работата на полициската станица;

6) по потреба извршува и спроведува утврдени мерки од областа на безбедноста на државната граница;

7) презема мерки заради заштита на определени лица и објекти;

8) ја информира јавноста за работи од својот делокруг и

9) врши други работи утврдени со закон, друг пропис или согласно со обврските што произлегуваат од членството во меѓународните полициски организации и институции.

Член 22

Со Одделот за внатрешни работи - Скопје и секторот за внатрешни работи раководи началник.

Началникот на Одделот за внатрешни работи - Скопје и началникот на секторот за внатрешни работи го назначува и разрешува министерот од редот на вработените, во транспарентна постапка.

Началникот на Одделот за внатрешни работи - Скопје и началникот на секторот за внатрешни работи, за својата работа непосредно е одговорен на директорот на Бирото.

Член 23

Во Одделот за внатрешни работи - Скопје и секторот за внатрешни работи се формира полициска станица од општа надлежност за непосредно вршење на полициските работи за определено подрачје.

Полициски станици од општа надлежност се:

1) Полициска станица – Аеродром;
2) Полициска станица – Бутел;
3) Полициска станица – Гази Баба;
4) Полициска станица – Дрaчево;
5) Полициска станица – Ѓорче Петров;
6) Полициска станица – Илинден;
7) Полициска станица – Карпош;
8) Полициска станица – Кисела Вода;
9) Полициска станица – Сарај;
10) Полициска станица – Центар;
11) Полициска станица – Чаир;
12) Полициска станица – Берово;
13) Полициска станица – Битола;
14) Полициска станица – Валандово;
15) Полициска станица – Велес;
16) Полициска станица – Виница;
17) Полициска станица – Гевгелија;
18) Полициска станица – Гостивар;
19) Полициска станица – Дебар;
20) Полициска станица – Делчево;
21) Полициска станица – Демир Хисар;
22) Полициска станица – Кавадарци;
23) Полициска станица – Кичево;
24) Полициска станица – Кочани;
25) Полициска станица – Кратово;
26) Полициска станица – Крива Паланка;
27) Полициска станица – Крушево;
28) Полициска станица – Куманово;
29) Полициска станица – Македонски Брод;
30) Полициска станица – Неготино;
31) Полициска станица – Охрид;
32) Полициска станица – Прилеп;
33) Полициска станица – Пробиштип;
34) Полициска станица – Радовиш;
35) Полициска станица – Ресен;

36) Полициска станица – Свети Николе;
37) Полициска станица – Струга;
38) Полициска станица – Струмица;
39) Полициска станица – Тетово и
40) Полициска станица – Штип.

Член 24

Со полициската станица од член 23 на овој закон раководи командир кој работите ги врши во полициска униформа.

За командир на полициска станица може да биде избрано лице кое покрај општите услови за засновање на работен однос во Полицијата предвидени со овој закон, ги исполнува и следниве посебни услови:

1) да има завршено соодветно високо образование и
2) да има работно искуство во Полицијата најмалку од шест години.

Командирот од ставот 1 на овој член се избира со мнозинство гласови од вкупниот број советници од страна на советот на општината во којашто е сместена полициската станица од општа надлежност на Министерството (во натамошниот текст: советот на засегнатата општина), од листа која содржи најмалку тројца кандидати, предложена од страна на министерот, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Ако советот на засегнатата општина не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот ќе предложи втора листа која содржи најмалку тројца нови кандидати, меѓу кои барем еден кандидат припаѓа на заедницата која е во мнозинство во тие општини.

Ако и по спроведувањето на постапката од ставот 4 на овој член советот на засегнатата општина повторно не избере ниту еден од предложените кандидати во рок од 15 дена од денот на доставувањето на листата, министерот по консултација со Владата, ќе го избере командирот на полициската станица од општа надлежност од двете листи на кандидати предложени од министерот, како и тројца дополнителни кандидати предложени од страна на советот на засегнатата општина.

Министерот го задржува овластувањето за разрешување на командирот на полициската станица од општа надлежност, во согласност со овој закон.

Член 25

Командирот на полициската станица од членот 24 на овој закон, на секои шест месеца писмено го информира советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Командирот од ставот 1 на овој член по барање на советот го информира советот на засегнатата општина за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Командирот од ставот 1 на овој член, од советите на засегнатите општини прима препораки за подобрување на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата, заради градење доверба меѓу Полицијата и локалното население.

***Членовите 26 и 27 се избришани**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на РСМ" бр.160/25) .*

IV. ПОЛИЦИСКИ ОВЛАСТУВАЊА

Член 28

Полициски овластувања уредени со овој закон се:

1) проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;
2) собирање на информации;
3) повикување;
4) лишување од слобода;
5) приведување;
6) задржување;
7) потрага по лица и предмети;
8) прикриено полициско дејствување;
9) пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
10) предупредување и наредување;
11) привремено одземање на предмети;
12) преглед односно претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во определена нивна документација;
13) влегување во туѓ дом и други затворени простории;
14) сопирање, преглед односно претрес на лица, багаж и превозни средства;
15) обезбедување, преглед и увид на местото на настанот;
16) примање на пријави и поплаки, поднесување на пријави и известувања;
17) препознавање;
18) јавно распишување награда;
19) снимање на јавни места;
20) полиграфско тестирање;
21) собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;
22) примена на посебни истражни мерки и
23) заштита на лица опфатени согласно со прописите за заштита на сведоци.

При преземање на дејствијата во рамките на полициските овластувања од ставот 1 на овој член, можат да се употребат и средства за присилба под услови и на начин утврдени со закон.

Член 28-а

Покрај примената на полициските овластувања утврдени со овој закон, полициските службеници ги извршуваат и мерките на претпазливост определени од страна на судот во кривична постапка под услови утврдени со посебен закон.

Член 29

Полициските овластувања од членот 28 на овој закон ги применуваат полициските службеници.

Одредбите за полициските овластувања предвидени со овој закон, се однесуваат и на други овластени службени лица на Министерството кога вршат полициски работи, доколку со друг закон поинаку не е определено.

Член 30

На полициските службеници министерот или од него овластено лице во Министерството им издава службена легитимација и значка.

Полицискиот службеник е должен да носи униформа во извршувањето на работите на одржување на јавниот ред и мир, регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата, обезбедување на државната граница и контрола на преминувањето на државната граница и во извршувањето на други полициски работи утврдени со закон.

Полицискиот службеник може работите од ставот 2 на овој член да ги врши и во цивилна облека кога тоа ќе го нареди непосредниот раководен полициски службеник.

Член 31

(1) Полицискиот службеник е овластен да носи оружје и други средства за присилба.

(2) Оружјето од ставот (1) на овој член со муницијата, времено ќе му биде одземено на полицискиот службеник за кој е започната постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, до правосилноста на одлуката во кривичната односно прекршочната постапка.

(3) На полицискиот службеник времено ќе му се одземе оружјето од ставот (1) на овој член со муницијата, кога Министерството ќе добие известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, до правосилноста на одлуката на надлежниот суд за привремена мерка за заштита.

(4) Одземањето на оружјето и муницијата од ставовите (2) и (3) на овој член, трае до завршувањето на постапката која последна ќе заврши со правосилна одлука.

Член 31-а

(1) Полицискиот службеник за кој е поведена постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство, односно за кој е добиено известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, раководителот на организациската единица во која работи го упатува на задолжителен психијатриски и психолошки преглед односно советување со психолог (психолошко советување).

(2) Наодот од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советувањето со психолог (психолошко советување) со задолжителен наод и мислење за способноста на полицискиот службеник да биде распореден на работно место со овластување за носење и употреба на службено оружје, се доставува до Министерството.

Член 32

Во извршувањето на полициските овластувања полицискиот службеник е должен да постапува хумано и да ги почитува достоинството, угледот и честа на лицата како и основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Член 32-а

Во случај на започната постапка за сторено кривично дело или прекршок со елементи на насилство извршено од страна на лице кое при вршење на своите работни задачи има пристап и ракува со службено оружје, Полицијата

задолжително во рок од 24 часа од започнување на постапката за сторено кривично дело или прекршок ја информира институцијата односно правното лице во кое ова лице е вработено.

Член 33

Полицискиот службеник во униформа при примена на полициските овластувања, е должен да се легитимира.

Кога полицискиот службеник ги применува полициските овластувања во цивилна облека, е должен најнапред да се легитимира.

По исклучок од ставовите 1 и 2 на овој член, полицискиот службеник нема да се легитимира ако реалните околности за примена на полициските овластувања укажуваат дека би можело да се загрози постигнувањето на нивната цел. Полицискиот службеник својот статус ќе го најави со зборовите "полиција".

Кога ќе престанат околностите од ставот 3 на овој член, полицискиот службеник ќе се легитимира на начин одреден во ставовите 1 и 2 на овој член.

Член 34

При примената на полициските овластувања повикување, лишување од слобода, приведување и задржување, полицискиот службеник мора веднаш да го извести лицето на јазик што го разбира, за причините за повикувањето, приведувањето или задржувањето и на јасен начин да го поучи за правото да молчи, правото да се советува со бранител, правото на бранител за време на полициската постапка, правото на лекарска помош ако тоа лицето го бара, како и за правото да се извести член на неговото семејство или нему блиско лице.

Член 35

Примената на полициските овластувања мора да биде сразмерна на потребата заради која се преземаат.

Од полициските овластувања се применуваат само оние со кои со најмалку штетни последици и во најкраток временски период ќе се оствари целта.

Член 36

Полициските овластувања полицискиот службеник ги применува по службена должност, по наредба на раководен полициски службеник, по одлука на надлежен суд или наредба на надлежниот јавен обвинител, согласно со закон.

Полицискиот службеник е должен да ги извршува одлуките и наредбите од ставот 1 на овој член, освен ако нивното извршување очигледно претставува кривично дело.

Член 37

Полициските овластувања кон малолетни лица ги применуваат полициски службеници кои се посебно оспособени за работи на сузбивање на малолетничката деликвенција.

Во исклучителни случаи, полициски овластувања кон малолетни лица можат да применуваат и други полициски службеници ако заради околностите на случајот не можат да постапуваат полициските службеници од ставот 1 на овој член.

Полициските овластувања кон малолетните лица се применуваат под услови утврдени со посебен закон.

1. Проверка и утврдување на идентитет на лица и предмети

Член 38

Проверката на идентитетот на лице ќе се примени кон лицето:

1) кое треба да се лиши од слобода, приведе, задржи, упати или предаде на надлежен државен орган или установа;

2) од кое се заканува опасност за чие спречување е неопходно полициско постапување;

3) над кое се извршува преглед или претрес или се преземаат други со закон утврдени мерки и активности;

4) кое е затечено во туѓ дом, објект и други простории или во превозни средства над кои се извршува преглед или претрес, ако проверката на идентитетот е потребна;

5) кое е затечено на простор или објект на кој е привремено ограничена слободата на движење и задржување, ако проверката е неопходно потребна;

6) кое пријавува извршено кривично дело или прекршок или сторителите на тие дела, односно соопштува информации од интерес на работата на Полицијата, освен ако лицето кое го пријавува кривичното дело или прекршокот не сака да се идентификува;

7) кое со своето однесување предизвикува сомневање дека е сторител на кривично дело или прекршок или дека има намера да стори такви дела или кое одговара на описот на лице по кое се трага;

8) кое ќе се затекне на местото на извршено кривично дело или прекршок;

9) кое се наоѓа на место на кое заради безбедносни причини е потребно да се утврди идентитетот на сите лица или на поголемиот број лица;

10) на оправдано барање на службено лице од државен орган, правно или физичко лице,

11) при влез во објекти кои ги обезбедуваат полициски службеници и

12) во други случаи утврдени со закон.

Оправдано барање од ставот 1 точка 10 на овој член е барањето од кое е очигледно дека на службеното лице податоците му се неопходни за законско постапување или кога на физичкото лице му е повредено некое право.

Полицискиот службеник е должен да го запознае лицето за причините за проверката на неговиот идентитет.

Член 39

Проверка на идентитетот на лице се врши со увид во неговата лична карта или друга јавна исправа со негова фотографија.

По исклучок од ставот 1 на овој член идентитетот може да биде потврден врз основа на исказ од лице чиј идентитет е проверен или познат на полицискиот службеник.

Полицискиот службеник може да ги задржи документите за утврдување на идентитет на лицето само за време потребно за утврдување на идентитетот, а потоа веднаш му ги враќа на лицето.

Ако лицето одбива или не е во можност да даде податоци за себе или да го докаже идентитетот, може да биде задржано за време потребно за утврдување на идентитетот, но не подолго од три часа, освен кога се исполнети условите од членот 50 на овој закон.

На лицето кое е задржано, во смисла на ставот 4 од овој член, му се овозможува идентитетот да го докаже на кој било начин.

Член 40

Идентитет на лице се утврдува кога лицето не ги поседува исправите од членот 39 став 1 на овој закон или кога постои сомневање во веродостојноста на овие исправи, како и кога идентитетот не е потврден согласно со членот 39 став 2 на овој закон.

Идентитетот на лицето од ставот 1 на овој член се утврдува со користење на методи и средства на криминалистичка тактика, со криминалистичко-технички работи и вештачења, со медицински или други соодветни вештачења.

Ако утврдувањето на идентитетот на лицето не може да се изврши согласно со ставовите 1 и 2 на овој член, Министерството е овластено јавно да објави опис на лицето, снимка, цртеж или фоторобот на лицето.

Кога идентитетот не може да се утврди на друг начин, Министерството е овластено да објави фотографија на лицето кое за себе не може да даде лични податоци или на леш на непознато лице.

Член 41

Утврдување на идентитет на предмет се врши заради утврдување на истоветноста, обележјата и својствата на предметот или односот меѓу лицата или настаните и предметите.

Министерството е овластено јавно да објави фотографија, цртеж, снимка или опис на предметот ако е тоа од значење за утврдување на идентитетот на предметот.

2. Собирање на информации

Член 42

Полициското службеник собира информации во непосредни разговори со граѓани во врска со казниви дела кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело, а постои основано верување дека граѓанинот има сознание за околности во врска со тоа казниво дело. Граѓанинот не е должен да ги даде бараните информации на полициското службеник.

Ако со откривањето на идентитетот на граѓанинот од кој се собрани информации, истиот или друг граѓанин се изложи на сериозна опасност по животот, телесниот интегритет, здравјето, или имотот, полициското службеник е должен да преземе мерки за прикривање на идентитетот на тој граѓанин. За преземените мерки полициското службеник е должен веднаш да го извести непосредниот раководен работник.

Ако постојат основи на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност или се подготвува негово сторување, а Полицијата тоа дело не може поинаку да го открие, спречи или докаже или тоа би било сврзано со одредени потешкотии, полициските службеници можат да собираат информации од граѓанин како прикриени извори на податоци.

Полициското службеник собира известувања по налог на јавниот обвинител или судот во согласност со закон.

Полициското службеник во врска со казниви дела собира информации и од државни органи и правни лица.

3. Повикување

Член 43

Полицијата е овластена писмено со покана да повикува граѓани заради собирање потребни известувања неопходни за извршување на полициските работи.

Писмената покана од ставот 1 на овој член содржи: име и презиме на лицето кое се повикува, адреса на живеалиште, односно престојувалиште на лицето кое се повикува, назив, место и адреса на седиштето на организационата единица на Полицијата каде што се повикува лицето, причини за повикувањето, место и време на повикувањето, како и поука за правото на бранител во полициската постапка, како и последиците доколку не се јави на поканата.

Лицето кое се јавува на поканата, а одбило да даде известувања, не смее повторно да се повикува заради истите причини.

Лицето кое е повикано се поучува за правата од членот 34 на овој закон, како и за околноста дека истото не е лишено од слобода и дека откако ќе даде или одбие да даде известување може да си оди.

За повикувањето и извршениот разговор со повиканото лице, полицискиот службеник изготвува службена белешка.

Полицијата може повторно да го повика лицето заради собирање на известувања за друго казниво дело или сторител, а за собирање известувања за истото кривично дело може од важни причини да го повика само уште еднаш.

Член 44

Лицето може да се повика во време од 6,00 до 22,00 часот.

Ако постои опасност од одлагање, полицискиот службеник е овластен да го повика лицето и надвор од времето утврдено во ставот 1 на овој член.

Член 45

Полицискиот службеник е овластен да повика лице и усно, при што е должен да му ги соопшти причините за повикувањето, а со согласност на лицето може да го превезе до службените простории.

Лице може да се повика и преку средствата за јавно информирање кога е тоа неопходно потребно заради опасност од одлагање, безбедност на постапувањето или кога поканата се упатува на поголем број лица.

Повикување на малолетно лице се врши согласно со посебен закон.

3-а. Лишување од слобода

Член 45-а

Лишување од слобода без писмена наредба може да се изврши на лице:

1) кога се исполнети условите согласно со Законот за кривичната постапка и

2) за кое е распишан распис согласно со закон.

4. Приведување

Член 46

Лице може да се приведе врз основа на писмена наредба издадена од надлежен суд или распишана потерница согласно со закон.

Лицето од ставот 1 на овој член може да се приведе заради спроведување во просториите на Полицијата, друг надлежен државен орган или до местото одредено со наредбата.

Полициският службеник е должен на лицето кое треба да го приведе да му ја предаде наредбата од ставот 1 на овој член.

Полициският службеник нема да му ја врачи наредбата од ставот 1 на овој член на лицето за кое основано се сомнева дека ќе даде отпор.

Лицето може да се приведе во време од 6,00 до 22,00 часот.

Во случај кога приведувањето е нужно заради преземање на полициските работи кои не трпат одлагање, лицето може да се приведе и надвор од времето утврдено во ставот 5 на овој член.

Член 46-а

Наредбата од членот 46 став 1 од овој закон нема да се изврши во случаите кога треба да се приведе лице за кое оправдано се претпоставува дека приведувањето значително ќе го наруши неговото здравје, како и лице кое извршува работи кои не смеат да се прекинат се додека не се обезбеди соодветна замена.

За причините од ставот 1 на овој член се известува судот, односно надлежниот орган што ја издал наредбата за приведување.

Член 46-б

Полициският службеник може и без наредба на надлежен суд да приведе лице затечено при извршување на прекршок, ако не е можно да се утврди идентитетот на сторителот, или ако тој нема престојувалиште или ако со заминувањето во странство заради престој би можел да ја избегне одговорноста за прекршокот или ако постојат околности што ја прават основана оценатa дека сторителот би продолжил со прекршокот или дека ќе го повтори.

Ако во случајот од ставот 1 на овој член сторителот е затечен при сторување прекршок во време кога судот не работи или ако постојат околности што укажуваат на опасност дека ќе побегне или ќе продолжи со прекршокот или прекршокот ќе го повтори, полициският службеник може да го задржи. Задржувањето трае додека не биде можно сторителот да се приведе пред надлежниот суд, но најдолго 12 часа."

***Членовите 47, 48 и 49 се избришани**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за полицијата („Службен весник на РМ" бр.145/12).*

5. Задржување

Член 50

Полициският службеник може да го задржи лицето лишено од слобода за кое постојат основи за сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност, под услови и на начин утврдени со посебен закон.

Полициският службеник може да го задржи лицето лишено од слобода, кое е затечено при извршување на прекршок под услови и на начин утврдени со посебен закон, како и лице лишено од слобода кое го нарушува или загрозува јавниот ред и мир, а воспоставувањето на јавниот ред и мир или отстранувањето на загрозувањето не може да се постигне на друг начин.

Задржувањето од ставот 2 на овој член може да трае најмногу 12 часа.

Член 50-а

Полицискиот службеник може да задржи лице лишено од слобода кое е под дејство на алкохол или наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, под услови утврдени со посебен закон, при што задржувањето може да трае најмногу 12 часа.

Член 50-б

Полицискиот службеник може лицето затечено на местото на извршување на кривично дело да го упати кај јавниот обвинител или да го задржи до неговото доаѓање, доколку тоа лице би можело да даде податоци важни за кривичната постапка и доколку е веројатно дека нивното испитување подоцна не би можело да се изврши или би било поврзано со значително одолжување или други тешкотии, при што задржувањето не може да трае подолго од шест часа.

Член 50-в

Лицето лишено од слобода кое го испорачал странски орган на безбедноста заради спроведување до надлежен државен орган, може да се задржи најмногу 24 часа.

Член 50-г

Задржувањето од членовите 50, 50-а, 50-б и 50-в од овој закон се прекинува пред утврдениот рок, веднаш по престанувањето на причините за задржување.

6. Потрага по лица и предмети

Член 51

Полицијата е овластена да спроведува мерки на потрага по лица и предмети.

Мерките за потрага од ставот 1 на овој член се потерница, распис и објава.

Потерница се распишува за пронаоѓање на лице за кое е издадена наредба за приведување согласно со закон.

Распис се распишува за пронаоѓање на лице за кое постојат основи на сомневање дека е сторител на кривично дело или прекршок.

Објава се распишува за:

1) утврдување на живеалиште или престојувалиште на лице;

2) утврдување на идентитет на лице кое не е во состојба да даде лични податоци за себе или за леш чиј идентитет не може да се утврди;

3) пронаоѓање на исчезнати лица и

4) пронаоѓање на предмети во врска со кривично дело или прекршок, како и предмети кои се исчезнати.

6-а. Прикриено полициско дејствување

Член 51-а

Во постапката на собирање информации Полицијата може да преземе мерки на прикриено полициско дејствување кога ќе се утврди дека со други полициски методи не може да се постигне целта на вршењето на полициските работи.

Мерки на прикриено полициско дејствување се засилено прикриено набљудување и оперативен надзор на јавни места.

Мерките од ставот 2 на овој член се преземаат по наредба на директорот на Бирото или од него овластен работник.

7. Пренасочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време

Член 52

Полицискиот службеник е овластен да пренасочи или ограничи движење на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време заради:

1) спречување на извршување на кривично дело или прекршок;

2) постоење основи за сомневање дека е сторено кривично дело;

3) пронаоѓање и фаќање на сторител на кривично дело или прекршок;

4) пронаоѓање и фаќање на лице по кое се трага;

5) откривање и обезбедување траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ во постапката;

6) случаи на загрозена безбедност предизвикана од елементарни непогоди и други несреќи и

7) собирање известувања што можат да бидат од корист за успешно водење на постапката.

Пренасочувањето или ограничувањето на движењето од ставот 1 точка 6 на овој член не смее да трае подолго од времето неопходно потребно за остварување на целта заради која истото се применува.

Пренасочувањето или ограничувањето на движењето од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 7 на овој член не смее да трае подолго од шест часа.

За остварување на целта од ставот 1 на овој член полицискиот службеник е овластен да изврши отстранување на лица (евакуација) на безбедно растојание, да забрани пристап на лица и возила, да изврши преглед на просторот, лицата и превозните средства, како и да изврши проверка на идентитетот на лицата.

Член 53

Полициските овластувања од членовите 51 и 52 на овој закон ги спроведува Полицијата со полициски и криминалистичко-тактички активности: преглед на одредени објекти, простор, лица и превозни средства, заседа, рација и блокада на определени објекти, патишта и друг простор.

8. Предупредување и наредување

Член 54

Полицискиот службеник ќе го предупреди лицето кое со своето однесување, дејствување или пропуштање на одредени дејствија може да ја доведе во опасност својата безбедност, безбедноста на другите лица или безбедноста на имотот, да го наруши јавниот ред и мир или да ја загрози безбедноста на сообраќајот на патиштата или кога оправдано се очекува дека тоа лице може да стори или да предизвика други лица да сторат кривично дело или прекршок.

Член 55

Полицискиот службеник во извршувањето на полициските работи може да издаде усна наредба на граѓанин во случаи кога е тоа потребно за:

- да се заштити животот и личната сигурност на луѓето и имотот;
- да се спречи извршување на кривично дело или прекршок, да се обезбедат траги од кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ во кривична или прекршочна постапка;
- да се одржи или спречи нарушување на јавниот ред и мир, како и за воспоставување на нарушен јавен ред и мир;
- заштита на сигурноста на објекти и личности кои се обезбедуваат;
- контрола, регулирање и безбедност во сообраќајот на патиштата;
- обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница и
- спасување на луѓето и отстранување на последиците од природни непогоди и други несреќи.

Член 56

Предупредувањето и наредувањето се вршат на јасен, недвосмислен и разбирлив начин.

9. Привремено одземање на предмети

Член 57

Полицискиот службеник може привремено да одземе предмети со наредба на суд, во случаите утврдени со Законот за кривичната постапка.

Одземањето на предмети може да се изврши и без наредба на суд во следниве случаи:

1) кога постојат основи за сомневање дека се работи за предмет на кривично дело, прекршок или имотна корист прибавена со кривично дело или прекршок кој може да послужи како доказ во постапката, доколку постои опасност од одлагање;

2) кога заради заштита на општата безбедност, одземањето на предметот неопходно е потребно и

3) на лице на кое привремено му е ограничена слободата на движење, а поседува или може да употреби предмет за самоповредување, напад или бегство.

Член 58

Кога заради својствата на привремено одземениот предмет, чувањето во просториите на Полицијата не е возможно или е поврзано со значителни тешкотии, привремено одземениот предмет може да се смести, чува или обезбеди на соодветен начин и во соодветен простор, до донесување на одлука на надлежен државен орган.

Со предметите од членот 57 став 1 точка 1 од овој закон се постапува согласно со закон.

Кога ќе престанат причините заради кои предметот бил привремено одземен, а кога со друг закон или одлука на надлежен државен орган поинаку не е определено, привремено одземениот предмет ќе се врати на лицето од кое е одземен.

Член 59

Ако повиканото лице привремено одземените предмети согласно со овој закон не ги преземе во определениот рок, кој не може да биде подолг од шест месеци, Министерството може да организира нивна продажба кога за натамошната постапка не е надлежен судот или орган на државната управа, ако:

1) се заканува опасност од уништување или значително губење на вредноста на предметот или

2) чувањето и одржувањето на предметот е поврзано со несразмерни трошоци или други тешкотии.

Средствата од продажбата на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, се депонираат на посебна сметка во Буџетот на Република Северна Македонија.

10. Преглед на определени објекти, простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и увид во нивната документација

Член 60

Полицискиот службеник е овластен во присуство на одговорно лице да изврши преглед на определени објекти, простории на државни органи институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и да изврши увид во определена нивна документација, заради:

1) пронаоѓање и фаќање на лице затекнато во извршување на кривично дело или прекршок кое се дало во бегство;

2) пронаоѓање и фаќање на лице кое при приведување се дало во бегство;

3) пронаоѓање и фаќање на лице за кое е распишана потерница согласно со закон;

4) постапување по пријава за присуство на експлозивни направи или друга опасност;

5) заради обезбедување на документација за успешно водење на кривичната постапка;

6) утврдување на сторено кривично дело или прекршок или утврдување на сторување на кривично дело или прекршок кое е во тек.

Ако оправдано може да се очекува дека на определен простор или објект ќе дојде до загрозување на животот на луѓето или имотот од поголеми размери или заради потреба од поголема безбедност на определени личности кои се обезбедуваат, Полицијата може да го испразни тој простор или објект, да забрани пристап, да изврши преглед и времено да го ограничи движењето во него и неговата непосредна близина.

Полицијата може да изврши противтерористички преглед на простории и објекти, заради општа сигурност на луѓето и имотот, како и заради безбедност на јавни собири и приредби.

Прегледот од ставот 3 на овој член се врши непосредно или со помош на технички средства и уреди.

10-а. Влегување во туѓ дом и други затворени простории

Член 60-а

Полицискиот службеник може да влезе во туѓ дом и други затворени простории без писмена наредба и да изврши преглед на домот и просторот поврзан со домот во следниве случаи:

- ако некој од домот повикува на помош,
- ако тоа е потребно заради отстранување на сериозна опасност по животот и здравјето на луѓето,
- ако тоа е потребно заради отстранување на сериозна опаност на имотот на граѓаните од поголеми размери,
- ако држателот на домот или лицето кое престојува во домот тоа го бара или се согласува на тоа,
- ако таму се наоѓа лице кое по наредба на суд треба да се притвори или присилно да се доведе,
- поради лишување од слобода на сторител кој е затечен при извршување на кривично дело кое се гони по службена должност и
- на место каде што е извршено кривично дело заради вршење увид.

Во случај на преземање на дејствијата од ставот 1 на овој член, доколку влегувањето не може да се изврши на друг начин, полицискиот службеник ќе влезе во туѓиот дом и просторот поврзан со домот притоа користејќи разумна сила и причинувајќи најмала можна штета.

Во случај кога полицискиот службеник презема дејствија согласно со ставот 1 алинеи 4, 5, 6 и 7 на овој член постапува согласно со Законот за кривична постапка.

За преземените дејствија од ставовите 1, 2 и 3 на овој член полицискиот службеник изготвува службена белешка.

11. Сопирање, легитимирање, преглед односно претрес на лица, превозни средства и багаж

Член 61

Полицискиот службеник е овластен да изврши сопирање, легитимирање, преглед, односно претрес на лице, превозното средство и багажот кој лицето го носи со себе, кога тоа е неопходно заради пронаоѓање на предмети за напад или самоповредување или кога постојат основи за сомневање дека кај нив ќе се пронајдат предмети кои потекнуваат од кривично дело или прекршок, траги на кривично дело или прекршок или предмети што можат да послужат во кривична или прекршочна постапка.

Под преглед на лица, превозни средства и багаж се подразбира, надворешни проверки на облеката и други предмети, превозното средство и багажот, но не и дејствија со кои нешто што не е видливо се прави видливо со отворање, отпакување или слично.

Полицискиот службеник може да изврши преглед на лице, превозно средство и багаж на место коешто не е видливо, доколку лицето над кое се врши преглед (облека и други предмети), односно неговото превозно средство или багаж, на барање на полицискиот службеник доброволно го отвори, отпакува или слично, местото кое не е видливо.

Преглед на лице може да изврши само лице од ист пол, освен во исклучителни случаи кога е неопходен итен преглед на лице, заради одземање на оружје или предмет подобен за напад или самоповредување.

При прегледот полициските службеници се овластени да користат технички средства или службено куче без заштитна маска.

12. Обезбедување, преглед и увид на местото на настанот

Член 62

Кога полицискиот службеник дознава за извршено кривично дело, прекршок или настан заради што треба да се изврши непосредно забележување, утврдување или разјаснување на фактите, полицискиот службеник е должен да го обезбеди местото на настанот до доаѓање на службените лица од надлежниот државен орган, истото да го прегледа заради откривање и обезбедување траги на кривично дело и предмети што можат да послужат како доказ, пронаоѓање на сторител, како и прибирање известувања во врска со кривичното дело, прекршокот или настанот.

Полицискиот службеник е должен да преземе соодветни мерки и активности за неодложно укажување помош на настрадaните лица и отстранување на последиците од кривичното дело, прекршокот или настанот.

Полицискиот службеник има право лицата затечени на местото на извршувањето на кривичното дело да ги упати до судија на претходна постапка или да ги задржи до неговото доаѓање најмногу 6 часа, ако тие би можеле да дадат податоци важни за кривичната постапка и ако е веројатно дека подоцна не би можело да се изврши нивно сослушување или тоа би било сврзано со значително одлагање или со други тешкотии.

Заради заштита на жртвите на кривичното дело или прекршокот или заради заштита на интересите на постапката, полицискиот службеник е овластен да забрани снимање на местото на настанот.

Полицискиот службеник врши увид на местото на настанот во случаи определени со закон. За извршениот увид се составува записник.

13. Примање на пријави и поплаки, поднесување на пријави и известувања

Член 63

Полицискиот службеник е должен да прима кривични пријави за кривични дела, пријави за прекршоци, поплаки и пријави за други настани.

Кога при поднесувањето на кривичната пријава од ставот 1 на овој член полицискиот службеник со преземање на соодветни полициски овластувања ќе утврди дека се работи за кривично дело за кое се гони по приватна тужба или се утврди дека делото нема обележја на казниво дело, полицискиот службеник е должен за тоа да го извести оштетениот веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена.

Кога полицискиот службеник прима писмена или усна пријава за казниво дело за кое се гони по приватна тужба, чиј сторител е познат, е должен за тоа да го извести лицето кое е овластено да поднесе приватна тужба, освен доколку лицето веќе ја поднело тужбата.

По приемот на кривична пријава или добиено сознание за постоење основи за сомневање дека е сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицискиот службеник без одлагање го известува јавниот обвинител согласно со закон.

Член 63-а

Кога постојат основи на сомневање дека е сторено казниво дело Полицијата собира податоци за тоа казниво дело, неговиот сторител, учесниците во неговото извршување, трагите, доказите и другите околности корисни за откривање и пронаоѓање на сторителот на тоа казниво дело.

Кога Полицијата ќе ги собере информациите и податоците за кривичното дело за кое се гони по службена должност, составува кривична пријава и без одлагање ја доставува до надлежниот јавен обвинител, доколку со друг закон поинаку не е утврдено.

Во случаите кога Полицијата сама ќе ги собере информациите и податоците за сторен прекршок, постапува согласно со посебен закон.

Член 63-б

Полицијата составува известување кога ќе дознае за нови околности важни за натамошно постапување, кога тоа е утврдено со закон.

Известувањето од ставот 1 на овој член Полицијата без одлагање го доставува до надлежниот јавен обвинител, односно надлежниот орган.

Член 63-в

Кога полициски службеник ќе прими пријава за поплака, е должен веднаш или во најкраток можен рок да преземе мерки и дејствија со цел за утврдување на околностите наведени во поплаката.

Во зависност од утврдената фактичка состојба полициски службеник е должен преку примена на полициските овластувања да ги преземе сите неопходни мерки и активности со цел да се разреши барањето во поплаката.

За преземените мерки и активности во врска со поплаката, како и за резултатите од преземените мерки, полициски службеник е должен во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на поплаката да го извести подносителот на поплаката.

Доколку заради оправдани околности полициски службеник не може во рок од 15 дена да постапи и да го разреши барањето во поплаката, ќе продолжи со постапување во однос на поплаката се до нејзиното разрешување, притоа запознавајќи го нејзиниот подносител за причините за одложувањето на постапувањето.

Член 63-г

Кога полициски службеник ќе прими пријава за други настани, е должен да преземе мерки и дејствија согласно со закон, подзаконски акти и стандардни оперативни процедури на Министерството.

13-а. Препознавање

Член 63-д

Заради вршење на полициските работи од членот 5 од овој закон, Полицијата е овластена да спроведува методи на препознавање.

Препознавање се спроведува заради:

1) откривање на сторител на кривични дела;

2) откривање на сторител на прекршоци;

3) утврдување на идентитет на лице со непознат идентитет;

4) утврдување на идентитет на пронајден човечки леш со непознат идентитет и

5) препознавање на предмет.

Препознавањето на лице осомничено за кривично дело кое се гони по службена должност се врши по наредба на јавниот обвинител согласно со закон.

За откривањето од ставот 1 точка 2 на овој член препознавањето може да се врши и со користење на записи од технички средства (видеоснимка, фотографија и слично).

Член 63-ѓ

Полицијата може да ги спроведе следниве методи на препознавање:

- смотра,
- групна идентификација,
- видеофилм,
- фотографија,
- соочување и
- презентирање на предмети.

Методите на препознавање од ставот 1 на овој член можат да се спроведат доколку со друг закон не е предвидено спроведување на друг начин на препознавање.

Член 63-е

При спроведување на препознавање покрај полициските службеници кои го вршат овој метод и осомниченият над кој се врши препознавањето, може да присуствува и бранителот на осомниченият.

При спроведување на препознавање заради откривање на сторител на кривично дело за кое се гони по службена должност, задолжително присуствува и јавниот обвинител.

Член 63-ж

Полицијата го спроведува препознавањето на начин што не ги нарушува слободата, правата, угледот и честа на сите учесници во препознавањето.

14. Јавно распишување награда

Член 64

Полицијата е овластена јавно да распише награда за дадено известување заради:

1) откривање и фаќање на сторител на кривично дело;

2) пронаоѓање на исчезнати лица и

3) други оправдани случаи, кога известувањата од граѓаните се потребни заради вршење на полициските работи.

Распишувањето на наградата се објавува во средствата за јавно информирање или на друг погоден начин.

Правото на награда не може да го оствари лицето кое дало известување за распишаната награда, доколку Полицијата веќе располагала со таква информација или податоци.

15. Снимање на јавни места

Член 65

Под снимање на јавни места во смисла на овој закон, се подразбира видео и аудиоснимање над јавните места каде зачестено се извршуваат кривични дела или прекршоци, односно употреба на видео надзор и системи кои користат напредна технологија, со цел документирање на кривичните дела и прекршоците, начинот на сторување, откривање на сторителите и останатите инволвирани лица, следење на безбедносната состојба, со процес на обработка на личните податоци, односно биометриските податоци согласно со надлежностите на Полицијата утврдени со закон. Видео надзорот и системите кои користат напредна технологија, Полицијата може да ги употребува при откривање и документирање на кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три или повеќе години.

Кога постои опасност на јавните собири да се загрози животот, здравјето на луѓето и имотот, полицискиот службеник е овластен да изврши видео снимање или фотографирање на јавниот собир.

Намерата за спроведување на снимање на јавните места и собири, пред започнување со активноста, Полицијата може јавно да ја соопшти.

Снимениот материјал од ставовите 1 и 2 на овој член се чува во Полицијата шест месеци од денот на неговото создавање, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.

15-а. Полиграфско тестирање

Член 65-а

Полиграфското тестирање се презема заради откривање на сторител на кривично дело.

Член 65-б

Полицискиот службеник е должен да го запознае лицето кое ќе биде подложено на полиграфско тестирање со начинот на работа на техничкото средство и да добие негова писмена согласност за примена на полиграфското тестирање.

Полицискиот службеник е должен да го прекине применувањето на полиграфското тестирање доколку лицето од ставот 1 на овој член по дадената писмена согласност, изјави дека истата ја повлекува.

Член 65-в

На полиграфско тестирање не смее да биде подложено:

- лице под дејство на алкохол, под влијание на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори,
- лице кое има сериозни срцеви заболувања,
- лице во стресна состојба,
- лице кое зема лекови за смирување,
- лице кое манифестира видливи знаци на душевна болест, заостанат душевен развој или други особено тешки душевни пречки и
- жена за време на бременост и непосредно по раѓање.

16. Собирање, обработка, анализирање, проценување, оценување, користење, пренесување, чување и бришење на податоци и обработка на лични податоци

Член 66

Полицијата собира, обработува, анализира, проценува, оценува, користи, пренесува, чува и брише податоци, обработува лични податоци односно биометриски податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон и води евиденции за личните, биометриските и други податоци за чие собирање и обработка е овластена со овој закон, заради спречување и откривање на кривични дела и прекршоци, како и пронаоѓање и фаќање на нивните сторители.

Полицијата обработува лични податоци односно биометриски податоци кога постојат основи за сомневање дека лицето извршило, е вклучено или било вклучено во планирање, организирање, финансирање или извршување на кривично дело.

Во случаите од ставот 2 на овој член, Полицијата за потребите на кривичната постапка при обработката може да ги користи биометриските податоци содржани во евиденциите што ги води согласно со овој и посебните закони, за кривични дела за кои може да се изрече казна затвор од три или повеќе години.

Податоци за правно лице се собираат кога постојат основи за сомневање дека правното лице е вклучено или било вклучено во извршување или обид за извршување на кривично дело, како и кога правното лице се користи за планирање, организирање, раководење и финансирање на криминална активност или се користи за прикривање на криминалните приноси.

Член 67

Лични податоци, во смисла на овој закон, се: лично име, податоци за раѓање (ден, месец, година и место), живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број, адреса на станот и државјанство, како и други податоци преку кои директно или индиректно може да се идентификува одредено лице.

Лични податоци што се однесуваат исклучиво на расно потекло, верско убедување, сексуално однесување или политичко мислење, припадност на определено движење или организација формирани согласно со закон, како и други посебни категории на лични податоци утврдени со посебен закон, не може да се собираат од страна на Полицијата.

По исклучок, Полицијата може да ги собира личните податоци од ставот 2 на овој член, под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон, кога тоа исклучително е неопходно за потребите на определена истрага.

Член 68

Полицијата обработува лични и други потребни податоци непосредно од лице на кое тие податоци се однесуваат, од други лица или од веќе постојните збирки на податоци, кои согласно со закон ги водат надлежни државни органи, јавни институции, установи и други правни лица.

При обработка на лични и други потребни податоци наменети за докажување на кривични дела или прекршоци за идентификација на сторителите, полициските службеници можат да употребат технички средства за фотографирање и видео и аудио снимање на начин и под услови утврдени со закон.

При обработка на лични и други податоци од други лица или од постојните евиденции на податоци и на начин од ставот 2 на овој член, полициските службеници за тоа не се должни да го известат лицето на кое се однесуваат податоците, ако тоа оневозможува или го отежнува извршувањето на полициските работи.

За обработените податоци полицискиот службеник изготвува оперативен извештај, што се доставува до непосредниот раководен работник кој врши процена и го доставува до надлежната организациска единица за натамошно постапување.

Член 69

Полицијата води евиденции за:

1) лица на кои по која било основа им е ограничена слободата на движење;

2) лица за кои постојат основи за сомневање дека се сторители на кривични дела или прекршоци;

3) службени белешки во врска со вршењето на полициски работи;

4) поднесени кривични пријави против познат и непознат сторител, пријавени сторители и оштетени од кривичните дела што се гонат по службена должност;

5) сторители на кривични дела и прекршоци - општа азбучна евиденција;

6) предмет (досие) за лица;

7) сторени кривични дела;

8) сторени прекршоци;

9) лица и предмети по кои се трага, како и за лица на кои им е забранет влез во Република Северна Македонија;

10) извршени самоубиства;

11) несреќни случаи и несреќни случаи при работа;

12) лица на кои им е извршена проверка на идентитетот;

13) дактилоскопирани, фотографирани лица и лица за кои е направена ДНК анализа;

14) криминалистички истражувања, криминалистички контроли, криминалистички обработки и акции;

15) дневни настани во врска со вршењето на полициските работи и извршени увиди;

16) сообраќајни незгоди;

17) употреба на средства за присилба;

18) примени поплаки од граѓани;

19) поднесени претставки од граѓани против полициски службеник и преземени мерки;

20) привремено одземени и пронајдени предмети;

21) откриени фалсификувани пари, фалсификувани парични единици - евра и други фалсификувани странски валути;

22) извршени проверки и спроведување мерки врз основа на акт донесен од суд или друг надлежен орган;

23) примена на посебни истражни мерки;

24) проверка на идентитет на лица при влез во објекти што ги обезбедуваат полициски службеници на Министерството и

25) привремено одземени и пронајдени електронски уреди.

Покрај евиденциите од ставот 1 на овој член Министерството врши евидентирање на акивностите на полициските службеници при преземањето на дејствијата во рамките на полициските овластувања предвидени со овој закон.

Со примена на информатичко - технички системи за чување, Полицијата ги води следниве евиденции за:

1) отпечатоци од папиларни линии;
2) ДНК профили;
3) фотографии од лица.

Член 69-а

Евиденциите од членот 69 од овој закон содржат лични податоци, односно посебни категории на лични податоци согласно со членот 67 од овој закон и други податоци и информации за субјектот на личните податоци и за трето лице.

Член 69-б

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 1 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за повикани лица,
- евиденција за приведени лица,
- евиденција за лица лишени од слобода и задржани лица,
- евиденција за издадени покани за повикани лица и
- евиденција за издадени покани за сообраќајни прекршоци.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 4 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на сторители на кривични дела,
- евиденција на оштетени лица по видови на кривичните дела,
- евиденција на поднесени кривични пријави против правни лица,
- евиденција на барања за собирање потребни известувања доставени од основно јавно обвинителство,
- евиденција за посебни извештаи доставени до основно јавно обвинителство,
- евиденција за пријавени случаи на семејно насилство,
- евиденција за предизвикани пожари и експлозии,
- евиденција за начин на извршување на кривичните дела од познат сторител (МОС),
- евиденција за начин на извршување на кривичните дела од непознат сторител (МОС);
- евиденција по видови на кривични дела,
- евиденција за покарактеристични безбедносни настани во делот на јавниот ред и мир, гранични работи и странци и
- евиденција за сообраќајни незгоди со загинати лица.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 7 од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на кривични дела кои се гонат по службена должност,
- евиденција на кривични дела кои се гонат по приватна тужба и

- евиденција на оштетени лица.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 8 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на прекршоци против јавниот ред и мир,
- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка по Законот за прекршоците против јавниот ред и мир,
- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка по други закони,
- евиденција на барања за поведување на прекршочна постапка од областа на сообраќајот,
- евиденција на издадени записници за сторен сообраќаен прекршок со прекршочен платен налог,
- евиденција за констатирани прекршоци отстапени до надлежни органи,
- евиденција за поднесени барања за поведување на прекршочна постапка против правни лица,
- евиденција на сторители на прекршоци и
- евиденција на лица оштетени со сторени прекршоци.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 9 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на потерници распишани од суд или друг државен орган,
- евиденција на расписи распишани од организациони единици во Министерството,
- евиденција на објави распишани за одземени моторни возила,
- евиденција на објави распишани за украдено оружје,
- евиденција на објави распишани за исчезнати лица и пронајдени лешеви,
- евиденција на објави распишани за украдени предмети,
- евиденција на распишани расписи и објави и
- евиденција на лица на кои им е забранет влез во Република Северна Македонија.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 13 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за дактилоскопирани, фотографирани лица и лица за кои е направена ДНК анализа,
- евиденција за фото и видео записи од увиди и други настани и
- евиденција за изработени вештачења и други анализи.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 14 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за криминалистички истражувања,
- евиденција за криминалистички контроли,
- евиденција за криминалистички обработки и
- евиденција за криминалистички акции.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 15) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за дневни настани во врска со вршење на полициските работи и
- евиденција за извршени увиди.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 16 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за случени сообраќајни незгоди и
- евиденција за издадени потврди за оштетено возило со странски регистарски таблици.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 20 од овој закон, може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на привремено одземени предмети,
- евиденција на пронајдени предмети,
- евиденција на привремено одзмени сообраќајни дозволи и регистарски таблици и
- евиденција за привремено одземени возачки дозволи.

Евиденцијата од членот 69 став 1 точка 22 од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција на извршени проверки по барања на организациски единици во Министерството или друг државен орган или институција,
- евиденција на спроведени превентивни и алтернативни мерки врз основа на акт донесен од суд или друг државен орган (куќен затвор, куќен притвор и семејно насилство),
- евиденција на примени судски наредби за приведување на лица и
- евиденција на дадени асистенции врз основа на акт донесен од суд или друг државен орган.

Евиденцијата од членот 69 став (1) точка 25) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција за привремено одземени и пронајдени електронски уреди и
- евиденција за анализи и вештачења на електронски уреди.

Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 1) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со отпечатоци од папиларни линии од прсти и дланки од лица и
- евиденција со траги од папиларни линии.

Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 2) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со ДНК профили од лица и
- евиденција со ДНК профили од траги од биолошко потекло.

Евиденцијата од членот 69 став 3 точка 3) од овој закон може да биде структурирана врз основа на полициските работи и полициските овластувања што ги врши Полицијата и да се води како:

- евиденција со фотографии од лица и
- евиденција со фотографии од непознати сторители.

Член 70

Евиденциите од членот 69 на овој закон, Полицијата ги води одделно, зависно од тоа дали истите се засновани на факти или сознанија.

Податоците од евиденциите од членот 69 од овој закон може да се поврзуваат само во врска со криминалистички истражувања на кривични дела, пронаоѓање на сторители на кривични дела, обезбедување на докази и други мерки и активности што може да користат за непречено водење на кривичните постапки согласно со закон.

Член 71

Податоците за бројот на извршени кривични дела или прекршоци и бројот на пријавени сторители и оштетени лица, како и другите нумерички податоци може да се користат за статистички и аналитички цели во Министерството.

Податоците од ставот 1 на овој член можат да се дадат на користење на надлежни стручни и научни институции заради статистички цели и научно истражувачка работа.

Лични податоци можат да се доставуваат до странски полициски служби и меѓународни организации на нивно барање, во согласност со закон и ратификуваните меѓународни договори.

Член 72

Личните, односно биометриските податоци можат да се користат согласно со целите пропишани со овој закон и во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

Член 73

Организациската единица која ги води евиденциите од членот 69 од овој закон ги брише податоците во случаите кога:

- ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите заради кои податокот е внесен во евиденцијата,

- се исполнети условите за законска или судска рехабилитација, а по поднесено барање за бришење на податоците и

- е донесена ослободителна или одбивателна пресуда, а по поднесеното барање за бришење на податоците.

За поднесеното барање од ставот 1 алинеите 2 и 3 на овој член, одлучува министерот со решение.

Против решението од ставот 2 на овој член, барателот може да поведе управен спор.

Член 74

Податоците содржани во евиденциите од членот 69 на овој закон, од нивното внесување, сé до нивното бришење смеат да се даваат под услови и на начин предвидени со овој и посебен закон.

Член 75

Податоците од евиденциите од членот 69 од овој закон се чуваат:

- податоците од евиденцијата од точките 4, 5, 6, 13, 14 и 15 - 60 години од денот на последна промена во евиденцијата,

- податоците од евиденциите од точките 10 и 11 - 30 години,
- податоците од евиденцијата од точките 7 и 25 - 15 години,
- податоците од евиденциите од точките 16, 21 и 23 - десет години,
- податоците од евиденцијата од точките 2, 12, 17, 18, 19 и 22 - пет години,
- податоците од евиденцијата од точката 9 - пет години од запирање на потрагата и
- податоците од евиденцијата од точките 3 и 24 - две години.

Податоците од евиденциите од членот 69-б од овој закон се чуваат:
- податоците од ставот 1 алинеи 2 и 3 - пет години,
- податоците од ставот 1 алинеи 1, 4 и 5 - две години,
- податоците од ставот 2 алинеи 1, 8 и 9 - 60 години од денот на последна промена во евиденцијата,
- податоците од ставот 2 алинеи 2, 4, 5, 10, 11 и 12 - 15 години,
- податоците од ставот 2 алинеја 3 - десет години,
- податоците од ставот 2 алинеи 6 и 7 - пет години,
- податоците од ставот 4 алинеи 2, 3, 4, 7, 8, 9 и 10 - десет години,
- податоците од ставот 4 алинеи 1 и 6 - пет години,
- податоците од ставот 10 алинеја 1 - 15 години,
- податоците од ставот 10 алинеја 2 - три години и
- податоците од ставот 10 алинеи 3 и 4 - две години.

Податоците во евиденциите од членот 69-б ставови 13, 14 и 15 се чуваат двапати онолку време колку што се бара за застареност за извршување на казната според одредбите на Кривичниот законик, доколку е донесена осудителна правосилна судска пресуда.

Податоците во евиденциите од ставот 3 на овој член, се бришат во секој случај кога ќе изминат 60 години од денот на последна промена во евиденцијата.

По исклучок од ставовите 3 и 4 на овој член, податоците можат да се чуваат трајно, само за кривичните дела кои според Кривичниот законик е предвидено дека не застаруваат.

Член 76

Правото на субјектот на лични податоци на пристап и исправка на неговите лични податоци со кои располага Полицијата, како и обврската за заштита на личните податоци се обезбедуваат под услови и на начин утврдени со посебен закон.

По исклучок од ставот 1 на овој член, правото на пристап до личните податоци нема да се обезбеди ако ограничувањето е неопходно заради вршење на законските надлежности на Полицијата за превенција, откривање и гонење на сторители на кривични дела и прекршоци, остварување на системот на јавна безбедност или кога тоа е неопходно за заштита на субјектот на лични податоци или на правата и слободите на други лица.

Член 77

Агенцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита утврдена со овој и посебен закон.

17. Примена на посебни истражни мерки

Член 78

Кога е веројатно дека ќе се обезбедат податоци и докази неопходни за успешно водење на кривичната постапка, кои на друг начин не можат да се соберат, може да се преземат посебни истражни мерки согласно со посебен закон.

18. Заштита на лица опфатени согласно со прописите за заштита на сведоци

Член 79

Полицијата презема со закон утврдени мерки за заштита на лица кои дале или можат да дадат податоци важни за кривичната постапка или лица кои се во врска со нив, со чие изнесување нивниот живот, здравје, слобода, физички интегритет или имот од поголем обем се изложуваат на опасност.

Мерките од ставот 1 на овој член Полицијата ги врши додека постојат причини за тоа.

19. Употреба на средства за присилба

Член 80

Под присилба во смисла на овој закон се смета употреба на легитимен, соодветен и пропорционален физички или механички притисок, со примена на средства и на начин пропишани со закон, насочен спрема одредено лице од страна на полициски службеник, само во случај кога полициските работи на друг начин не можат да бидат извршени.

Средства за присилба во смисла на овој закон се: физичка сила, полициска палка, средства за врзување на лица, уред за присилно запирање на возила, службено куче, хемиски средства, огнено оружје, како и посебни видови на опрема, оружје и експлозивни средства.

Средствата за присилба можат да се употребат, ако целта на постапувањето на Полицијата не може да биде остварена на друг начин.

Забранета е примена на средства за присилба заради изнудување на признание или изјава.

Полициски службеник секогаш ќе употреби средство на присилба со кое со најмалку штетни последици ќе ја оствари целта.

Пред секоја употреба на средства за присилба полициски службеник доколку за тоа постојат услови, се легитимира и јасно го предупредува лицето за употребата на средствата.

Кога се исполнети условите за употреба на средства за присилба лицата спрема кои ќе се применат овие средства нема да се предупредат, доколку со даденото предупредување би се довело во прашање извршувањето на полициските работи.

Полициски службеник е должен да престане со употреба на средството за присилба, веднаш штом ќе престанат причините поради кои дошло до негова употреба.

Полициски службеник е должен да обезбеди помош и медицинска нега на повредено лице спрема кое е употребено средство за присилба во најкраток можен рок, доколку е тоа неопходно и ако тоа го дозволуваат околностите.

Член 81

Кога средството за присилба е употребено во границите на полициските овластувања, се исклучува одговорноста на полицискиот службеник кој го употребил, како и на одговорниот раководен полициски службеник кој ја наредил неговата употреба.

Основаноста, оправданоста и правилноста на употребата на средството за присилба во секој конкретен случај ја оценува непосредниот раководен полициски службеник. Непосредниот раководен полициски службеник го известува надлежниот јавен обвинител за секоја употреба на огнено оружје, како и за употреба на сила или средства за присилба што за последица има смрт или тешка телесна повреда.

Член 81-а

По прием на кривична пријава или добиено сознание дека полициски службеник извршил кривично дело при вршење на службено дејствие или извршил кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност за кое Министерството е должно без одлагање да го извести Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, организациската единица во Министерството надлежна за внатрешна контрола и професионални стандарди презема дејствија заради иницирање на дисциплинска постапка за тој работник, по одобрение на јавниот обвинител од Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за што изготвува извештај со мислење што го доставува до министерот.

Член 82

Ако против полициски службеник се поведе или води кривична, прекршочна или парнична постапка, поради употреба на средство за присилба или за учество во сообраќајна незгода со моторно возило при вршењето на полициските работи, Министерството му обезбедува бесплатна правна помош.

Министерството ќе му обезбеди бесплатна правна помош и на граѓанин кој укажал помош на полициски службеник при вршење на полициските работи, ако против него е поведена кривична, прекршочна или парнична постапка заради дејствија сторени во врска со укажаната помош.

19. 1. Употреба на физичка сила

Член 83

Под употреба на физичка сила, во смисла на овој закон, се смета употребата на различни зафати, боречки вештини или на нив слични постапки врз телото на друго лице, кои имаат за цел одбивање на напад, спречување бегство на лице или совладување на отпорот од тоа лице.

19.2. Употреба на полициска палка

Член 84

Употребата на полициска палка е дозволена кога со употреба на физичката сила полициските работи не можат да бидат извршени.

19.3. Употреба на средства за врзување на лица

Член 85

Средствата за врзување на лица се употребуваат заради:

1) спречување на отпор на лица или одбивање на напад насочен спрема полицискиот службеник;

2) спречување на бегство на лица и

3) оневозможување самоповредување или повреда на други лица.

Полицискиот службеник вообичаено му ги врзува рацете на лицето зад неговиот грб.

19. 4. Употреба на уреди за присилно запирање на возила

Член 86

Уреди за присилно запирање на возила се применуваат заради:

1) спречување на бегство на лице кое е затечено во извршување на кривично дело кое се гони по службена должност;

2) спречување на бегство на лице кое е лишено од слобода или за кое има издадено наредба за лишување од слобода;

3) спречување на незаконито преминување на државната граница со возило;

4) спречување на недозволен пристап на возила до објекти или подрачја каде што се наоѓаат лица кои ги обезбедуваат полициските службеници и

5) спречување на натамошно движење на лице со возило кое претходно најмалку два пати последователно било запирано од страна на полициски службеник и притоа истото не го запрело возилото, односно не ја почитувало изречената наредба.

19. 5. Употреба на службено куче

Член 87

Службеното куче се употребува како средство за присилба во случаите кога:

1) се исполнети условите за употреба на физичка сила или полициска палка;

2) се исполнети условите за употреба на огнено оружје и

3) се воспоставува нарушен јавен ред и мир.

Во случаите кога се исполнети условите за употреба на огнено оружје службеното куче може да се користи и без заштитна корпа, а во сите други случаи само со заштитна корпа.

19. 6. Употреба на хемиски средства

Член 88

(1) Под хемиски средства во смисла на овој закон се сметаат солзавците, кои по престанок на дејството не оставаат последици по психофизичкото и општото здравје, како и хемиски материи со послабо дејство од солзавците.

(2) Употребата на хемиските средства од ставот (1) на овој член е дозволена во случаите од членот 91 став 2 на овој закон, во случаи на воспоставување на нарушен јавен ред и мир во поголем обем, како и заради извлекување на лица од затворен простор или заради решавање заложничка ситуација, при што не смее да се загрози животот и здравјето на граѓаните.

(3) Хемиските средства од ставот (1) на овој член не се употребуваат спрема лица кои се наоѓаат во близина на експлозивно-запаливи материи, детски и старечки домови, болници, основни училишта, мостови и други места каде не е безбедно извлекување на луѓето.

(4) Хемиските средства од ставот (1) на овој член можат да се употребат и во случаите кога се исполнети условите од членот 89 на овој закон.

19. 7. Употреба на огнено оружје спрема лица

Член 89

Полицискиот службеник е овластен да употреби огнено оружје кога е тоа апсолутно неопходно и кога со употреба на другите средства за присилба полициските работи не можат да бидат извршени.

Полицискиот службеник е овластен да употреби огнено оружје кога на друг начин и со употреба на другите средства за присилба не може:

1) да го заштити својот живот или животот на другите луѓе;

2) да спречи извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор во траење најмалку од четири години;

3) да спречи бегство на лице затекнато во извршување на кривично дело за кое може да се изрече казна затвор од најмалку 10 години или лице за кое е распишана потерница заради извршено такво кривично дело;

4) да се спречи бегство на лице лишено од слобода заради извршено кривично дело од точката 3 на овој став или лице за кое е распишана потерница заради бегство од издржување на казна затвор за такви кривични дела и

5) да се спречи напад врз објект или личност што се обезбедува.

Пред употребата на огненото оружје, полицискиот службеник ќе упати усна наредба и предупредување "стој, полиција!", а потоа и втора наредба и предупредување "стој, ќе пукам!".

Наредбите и предупредувањата од ставот 3 на овој член нема да се упатат ако со тоа би се довело во прашање извршувањето на полициските работи.

Полицискиот службеник нема да употреби огнено оружје спрема лицето кое е задржано согласно со овој закон, освен кога тоа е неопходно за да го заштити својот живот или животот на други лица, како и во случаи кога е потребно да се спречи бегство на задржаното лице.

Пукање во воздух заради сигнализација, барање помош и застрашување, како и пукање во животни кога тие го загрозуваат животот на луѓето, не се смета како употреба на огнено оружје во смисла на овој закон.

Член 90

Употребата на огнено оружје не е дозволена ако се доведува во опасност животот на други лица, освен ако употребата на огненото оружје е единствено средство за одбрана од посреден напад, опасност од напад врз животот на други лица.

Член 90-а

Средствата за присилба не смеат да се употребат кон деца, очигледно болни, стари и изнемоштени лица, лица со тежок инвалидитет и жени со видлива бременост, освен ако истите се неопходни за лицето да се приведе или задржи и полициският службеник не може поинаку да го совлада неговиот отпор или да одбие напад или ако лицето го загрозува својот живот, животот на луѓето, имотот или ако заради други околности неговиот живот и здравје се непосредно загрозени.

19.8. Употреба на средства за присилба спрема група

Член 91

(1) Во случај кога се воспоставува нарушен јавен ред и мир во поголем обем може да се употребат средствата за присилба од членот 80 став 2 од овој закон, и тоа: физичка сила, полициска палка, средства за врзување на лица, уред за присилно запирање на возила и службено куче.

(2) Покрај средствата за присилба од ставот (1) на овој член, може да се употребат и:

1) специјални возила за јавен ред и мир;
2) пиротехничко-експлозивни средства и
3) хемиски средства.

Член 91-а

(1) Специјални возила за јавен ред и мир од членот 91 став (2) точка 1) од овој закон се возила со специјални решетки за блокирање на простор, за ограничување на движење, потиснување на толпа и употреба на хемиски средства, како и специјални возила за контрола на толпа со воден млаз.

(2) Пиротехничко-експлозивни средства од членот 91 став (2) точка 2) од овој закон се средства со светлосен, звучен и чаден ефект кои се употребуваат за воспоставување на нарушен јавен ред и мир, извлекување на лица од затворен простор, одвлекување на внимание или решавање на заложнички ситуации.

(3) Хемиските средства од членот 91 став (2) точка 3) од овој закон соодветно се употребуваат согласно со членот 88 од овој закон.

Член 91-б

(1) Средствата за присилба од членот 91 став (1) од овој закон, можат да се употребат само по наредба на полициският службеник кој ја раководи акцијата.

(2) Средствата за присилба од членот 91 став (2) од овој закон, можат да се употребат исклучиво по наредба на директорот на Бирото или од него овластен полициски службеник.

(3) Пред употреба на средствата за присилба од членот 91 став (2) од овој закон, полициските службеници на насобраната група мора да и наредат да престане да го нарушува јавниот ред и мирно да се разотиде, како и да ја предупредат групата за употреба на средства за присилба, доколку не се почитува наредбата.

(4) Хемиските средствата и пиротехничко-експлозивни средства можат да се употребат без наредбата од ставот (2) на овој член и без предупредувањето од ставот (3) на овој член, во случај на терористички дејствувања, кога основано се очекува вооружен отпор, киднапирање или лишување од слобода на лица кои пружаат активен отпор, напаѓаат, поставуваат барикади или на друг начин го оневозможуваат извршувањето на полициските работи.

(5) Хемиските средства и пиротехничко-експлозивните средства не смеат да се насочуваат или распрснуваат директно кон деловите од телото од витално значење, како што се главата, вратот и гениталиите, освен кога е нужно заради директно загрозување на животот на полицискиот службеник или други лица.

Член 91-в

При употреба на средствата за присилба од членот 91 од овој закон соодветно се применуваат одредбите од членовите 80, 81 и 82 од овој закон.

19. 9. Употреба на посебни видови на опрема,оружје и експлозивни средства

Член 92

Употреба на посебни видови на опрема,оружје и експлозивни средства е дозволена кога се исполнети условите од членот 89 став 2 на овој закон, во случај на непосреден напад врз животот на едно или повеќе лица или во случај на напад што се врши од лице вооружено со посебен вид на оружје или експлозивни средства, ако со употребата на другите видови на опрема,оружје полициските работи не можат да бидат извршени.

Употреба на посебни видови на опрема,оружје и експлозивни средства одобрува директорот на Бирото.

19.10. Употреба на огнено оружје спрема животни

Член 93

Огнено оружје се употребува спрема животни кога од нив се заканува непосредна опасност од напад по животот и телото на луѓето или постои опасност од загрозување на животот или здравјето на луѓето (заразна болест или слично).

Оружјето се употребува спрема болни и тешко повредени животни, во случај кога ветеринар или друго лице не може да преземе соодветни мерки.

20. Употреба на технички средства за аудио и видео снимање

Член 93-а

(1) При преземање на дејствија во рамки на полициските овластувања, Полицијата може да употреби технички средства за аудио и видео снимање, со кои ќе се обезбеди снимен материјал (аудио и видео запис) за начинот на кој се презема дејствието од страна на полициските службеници.

(2) Снимениот материјал од ставот (1) на овој член, ќе овозможи унапредување на степенот на основаност на преземените дејствија од страна на полициските службеници, со цел легитимно и соодветно постапување при примената на полициските овластувања утврдени со овој закон.

(3) При користење на техничките средства за аудио и видео снимање од ставот (1) на овој член, полицискиот службеник е должен да го извести лицето дека преземањето на дејствието е предмет на аудио и видео снимање, освен доколку известувањето на лицето за употреба на аудио и видео снимање го оневозможува или отежнува преземањето на дејствието во рамки на полициското овластување.

(4) Снимениот материјал од ставот (1) на овој член, се чува во Полицијата 45 дена, по што материјалот се уништува, освен материјалот што претставува доказ во кривична или прекршочна постапка, со кој се постапува согласно со закон.

V. РАБОТНИ ОДНОСИ

Член 94

Правата и обврските од работниот однос, полицискиот службеник ги остварува согласно со прописите за внатрешни работи, работни односи, Колективниот договор на Министерството и овој закон.

Член 95

Работен однос во Полиција може да заснова лице кое ги исполнува следниве општи услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да е полнолетно, а да не наполнило 30 години живот ако за првпат заснова работен однос на работно место во Министерството;

3) активно да го користи македонскиот јазик и неговото кирилско писмо;

4) со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето;

5) да има завршено најмалку четиригодишно средно образование;

6) да е здравствено и психофизички способно;

7) да не е член на политичка партија или член на органи и тела на политичка партија;

8) да има положено тест за интегритет и

9) со правосилна пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Со актот за систематизација на работните места во Министерството, можат да се утврдат и посебни услови за засновање на работен однос во Полицијата.

Член 96

При вработувањето во Полицијата треба да бидат соодветно и правично застапени граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитување на критериумите на стручност и компетентност.

При вработувањето во Полицијата да се почитува принципот на еднаквост на половите.

Член 97

Полициски службеник заснова работен однос врз основа на јавен оглас и без јавен оглас на начин и под услови утврдени со закон.

Работен однос без јавен оглас се заснова и за стипендисти на Министерството.

Член 98

Полициските службеници се стекнуваат со звања врз основа на видот на образованието, работниот стаж, работното место и годишната оцена.

За полициските службеници се утврдуваат следниве звања:

- генерален полициски советник;
- главен полициски советник;
- виш полициски советник;
- полициски советник;
- главен инспектор;
- самостоен инспектор;
- виш инспектор;
- инспектор;
- помлад инспектор;
- главен полицаец;
- виш полицаец и
- полицаец.

Член 99

За приправниците за полициски службеник ќе се применуваат прописите за работните односи и Колективниот договор на Министерството.

Член 100

Полицискиот службеник е должен при вработувањето во Полицијата да потпише изјава со следниов текст: "Се обврзувам дека во својата работа ќе ги почитувам Уставот, законите на Република Северна Македонија и стандардите на полициската етика, совесно и уредно ќе ги вршам полициските работи и ќе ги почитувам основните слободи и права на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори".

Потпишаната изјава се чува во работното досие на полицискиот службеник.

Ако полицискиот службеник одбие да ја даде и потпише изјавата од ставот 1 на овој член, ќе се смета дека договорот за вработување не е склучен.

Член 101

Поради видот, природата и сложеноста на полициските работи, како и поради тежината на работите и посебните услови под кои тие се извршуваат, износот на средствата наменети за плата за извршување на полициските работи се утврдува согласно со закон.

Член 102

Полицискиот службеник е должен по наредба на непосредниот раководен полициски службеник, полициските работи да ги извршува и подолго од полното работно време, ако е тоа нужно заради нивно успешно и навремено извршување.

На полицискиот службеник за работата подолга од полното работно време му припаѓа паричен надоместок или слободни денови, согласно со прописите за работни односи и Колективниот договор на Министерството.

Член 103

Кога неодложни потреби тоа го бараат, министерот, директорот на Бирото или од нив овластен полициски службеник, може на полицискиот службеник да му го одложи, односно прекине користењето на годишниот одмор.

Во случаите на ставот 1 од овој член, полициското службеник има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на годишниот одмор.

Член 104

Полициското службеник, по претходна согласност од министерот, а на предлог од посебна комисија во Министерството може да извршува определени работи, самостојна или дополнителна стопанска или професионална дејност што не се во судир со полициските работи.

Согласноста од ставот 1 на овој член, министерот ја дава на начин и под услови утврдени со прописите за работни односи.

Полициското службеник дејноста од ставот 1 на овој член е должен да ја врши надвор од работното време во Министерството и на начин, вршењето на таа дејност да не влијае врз законското и правилно извршување на полициските работи.

Член 105

Полициското службеник не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија.

Полициското службеник не смее да носи или да истакнува партиски симболи во просториите и службените возила на Полицијата, партиски да се организира или дејствува во Министерството.

Полициските службеници не смеат во униформа на Полицијата да присуствуваат на партиски активности и манифестации, освен ако се на извршување на службена задача.

Член 106

Полициските службеници правото на штрајк можат да го остваруваат на начин и под услов битно да не се нарушува редовното извршување на полициските работи.

Организаторот на штрајкот е должен да го најави штрајкот на министерот и да ја достави одлуката за стапување на штрајк, како и програмата за начинот и обемот на вршење на полициските работи кои е неопходно да се извршуваат за времето на штрајкот најдоцна седум дена пред почетокот на штрајкот.

Член 107

За време на организиран штрајк во Полицијата, неопходно е да се извршуваат работите и задачите на:

- спречување, откривање и документирање на кривични дела, фаќање на сторителите и предавање на надлежните органи и неодложни криминалистичко-технички работи и вештачења;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- дежурните оперативни центри;
- полициските службеници за интервенција и за вршење на увид;
- обезбедување на личности и објекти;
- обезбедување на државната граница, контрола на преминување на државната граница, спречување на извршување и решавање на гранични инциденти и други повреди на државната граница и протерување на странци и
- користење на хеликоптери.

Член 108

Се забранува штрајк во Полицијата во воена или вонредна состојба.

Во случај на сложена безбедносна состојба, нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем, природни непогоди и други несреќи или загрозување на животот и здравјето на луѓето и имотот во поголем обем, во штрајк истовремено не можат да учествуваат повеќе од 10% од вкупниот број полициски службеници на Министерството и штрајкот не може да трае подолго од три дена.

Доколку штрајкот започнал пред настапувањето на кој било од условите од ставовите 1 и 2 на овој член, полициските службеници се должни штрајкот веднаш да го прекинат.

***Членот 109 е избришан**, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на РМ" бр.41/14).*

Член 110

Министерството ги осигурува полициските службеници за случаи на несреќа при работа.

Во случај на професионално психофизичко нарушување на здравјето на полицискиот службеник, Министерството има обврска да ги покрие сите трошоци во врска со неговото лекување.

Член 111

Полициски службеник кој ќе го загуби животот при вршењето или во врска со вршењето на полициските работи, ќе се погребе на трошок на Министерството во местото кое ќе го определат членовите на неговото семејство.

На семејството на полицискиот службеник му припаѓа еднократен надоместок во висина на вкупниот износ од остварените "нето" плати во последните 24 месеца или во Полицијата да се вработи член од потесното семејство на загинатиот полициски службеник кој ќе ги исполнува условите за прием во Полицијата, согласно со овој закон.

Член 112

Лице кое по барање на полициски службеник укаже помош на Полицијата и по тој повод биде повредено, се разболе или биде спречено за работа најмалку три месеца, а не е осигурано по друга основа, има право на лекување на трошок на Фондот за здравствено осигурување, а во случај на инвалидност или телесно оштетување, има право на пензиско осигурување на товар на Министерството како и полициските службеници.

Ако во укажувањето на помошта лицето го загуби животот, семејството ги има правата од членот 111 на овој закон и правата од пензиско осигурување како семејство на полициски службеник кој го загубил животот во вршењето на полициските работи.

Член 113

Околностите под кои полицискиот службеник или лицето кое укажало помош на полицијата го загубил животот ги оценува организационата единица на Министерството надлежна за внатрешна контрола и професионални стандарди, која изготвува извештај со мислење.

Извештајот со мислењето од ставот 1 на овој член се доставува до министерот и директорот на Бирото.

Член 114

Полициските службеници се должни да ја чуваат тајноста на податоците и информациите за кои дознале во вршењето или по повод вршењето на полициските работи, а кои согласно со закон или пропис донесен врз основа на закон претставуваат личен податок или класифицирана информација.

Обврската за чување на тајноста на податоците и информациите од ставот 1 на овој член трае и по престанокот на работниот однос во Министерството.

Член 115

Полициски службеник може да се упати на работа во странство, врз основа на договорите за меѓународна полициска соработка ратификувани согласно со Уставот.

Полициските службеници можат да бидат упатени да учествуваат во меѓународни цивилни операции и мировни мисии врз основа на одлука на Владата на Република Северна Македонија, согласно со ратификуваните меѓународни договори.

Членовите: 116, 117 и 118 престанале да важат, *види: член 167 од Законот за внатрешни работи "Службен весник на РМ" бр.92/09.*

Членовите 116, 117 и 118 се избришани*, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на РМ" бр.41/14).*

Членот 119 е избришан*, види: Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на РСМ" бр.160/25).*

VI. РЕЗЕРВЕН СОСТАВ НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 120

Во резервниот состав на Полицијата можат да бидат распоредени само државјани на Република Северна Македонија, кои ги исполнуваат условите предвидени со членот 95 на овој закон.

Припадник на резервниот состав на Полицијата може да биде ангажиран за извршување на полициски работи до навршување на 50 години живот.

Член 121

Министерството врши оспособување на резервниот состав на Полицијата и тоа со основна, продолжителна и дополнителна обука.

Член 122

Обуката од членот 121 на овој закон ја организира и спроведува Министерството.

Министерот на предлог на надлежната организациска единица донесува програма за стручно оспособување на резервниот состав на Полицијата.

Член 123

Припадникот на резервниот состав на Полицијата за време на основно, продолжително и дополнително оспособување и за време на ангажирањето за извршување на полициски работи има исти права и должности, како и граѓаните во извршување на правата и должностите во одбраната.

На припадник на резервниот состав на Полицијата ќе му престане ангажирањето во резервниот состав, ако:

- повеќе не ги исполнува условите предвидени со членот 95 на овој закон;
- не покажува доволно знаења и оспособеност согласно со пропишаната програма за обука;
- поради потешка повреда на дисциплината и
- од здравствени причини.

Член 124

Припадниците на резервниот состав на Полицијата кои се повикани на вршење полициски работи носат униформа и ознаки на Полицијата и во вршење на работите имаат исти должности и овластувања како и полициските службеници.

Член 125

Министерот може да одлучи да повика припадници на резервниот состав на Полицијата за вршење на полициските работи во следниве случаи:
- за време на воена или вонредна состојба;
- за време на вооружен бунт или друг облик на насилно загрозување на уставниот поредок или безбедноста на Република Северна Македонија;
- кога е прогласена кризна состојба,
- други непогоди или несреќи кои го попречуваат нормалниот тек на животот и ја загрозуваат безбедноста на животот и имотот на луѓето;
- при нарушен јавен ред и мир во поголем обем;
- при одржување на јавни собири со зголемен безбедносен ризик,
- кога тоа го бараат потребите од дополнително обезбедување на државната граница, обезбедувањето на определени личности и објекти и
- заради спроведување на основна, продолжителна и дополнителна обука.

Член 126

Министерството води евиденција на припадниците на резервниот состав на Полицијата.

Органот надлежен за работите на одбраната кој води евиденции на лични податоци на воени обврзници е должен по барање на Министерството, да и даде на Полицијата лични податоци за воени обврзници кои се ангажирани во резервниот состав на Министерството, како и за воените обврзници кои се оспособуваат за вршење на работите во резервниот состав на Полицијата, односно се распоредени во резервниот состав на Полицијата.

VII. ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ПОДЗАКОНСКИ ПРОПИСИ

Член 127

Владата ќе донесе подзаконски прописи за начинот на стекнување на звањата и ознаките на звањата на полициските службеници, за униформата и ознаките на униформата на Полицијата, личностите и објектите што се обезбедуваат, видовите на мерки и активности и степените на обезбедување, како и за видот на вооружувањето на Полицијата и опремата на полициските службеници.

Член 128

(1) Министерот донесува подзаконски прописи за:
- начинот на вршење на полициските работи;
- формата и содржината на образецот на службена легитимација и значка, како и начинот на издавање на службена легитимација и значка на Полицијата;
- носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата;

- составот, квалитетот и кројот на униформата и ознаките на униформата на Полицијата;
- постапување со привремено одземени и пронајдени предмети;
- содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на Полицијата;
- работите и дејностите што се во судир со полициските работи;
- начинот на избор на полициски службеник кој се упатува на работа во странство;
- начинот на однесување и меѓусебните односи на полициските службеници;
- начинот на вршење на обезбедување на транспорт на пари и вредности,
- начинот на вршење на полиграфското тестирање и содржина на писмената согласност за примена на полиграфската техника,
- начинот на вршење генерален и стручен надзор и контрола;
- начинот на повикување и ангажирање на припадниците на резервниот состав,
- начинот на бришење на податоците во евиденциите и
- начинот на воспоставување на зајакната оперативна контрола на лица и објекти.

(2) Министерот донесува подзаконски пропис за типовите на технички средства кои ќе се употребуваат за аудио и видео снимање од страна на Полицијата, од член 93-а од овој закон.

(3) Министерот донесува Кодекс на полициска етика.

(4) Министерот во согласност со министерот за здравство донесува подзаконски пропис за здравствените и психофизичките способности што треба да ги исполнува лицето кое заснова работен однос во Полицијата, начинот на нивното утврдување и начинот на контрола на здравствената и психофизичката способност на полициските службеници.

VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 129

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 12 месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесувањето на прописите од членот 128 на овој закон ќе се применуваат постојните прописи доколку се во согласност со овој закон.

Член 130

За прашањата што не се регулирани со овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за внатрешни работи.

Член 131

Со денот на отпочнување на примената на овој закон, престануваат да важат одредбите на членовите: 1 став 1 алинеи 12, 13 и 17, 7-а, 8, 9, 10, 11, 11-а, 12, 20-а, 20-б, 23, 27, 28, 30, 34, 40, 41, 42, 45, 46, 50, 56 став 1 алинеја 3, 64 став 2, 66, 73 зборовите: "ознаките на чиновите и условите за нивно стекнување за овластените службени лица, за униформата и ознаките на униформата" и 74 став 1 точки 3, 4 и 7 од Законот за внатрешни работи ("Службен весник на Република Македонија" број 19/95, 15/97, 55/97, 38/2002, 33/2003, 19/2004 и 51/2005).

Член 132

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува по една година од денот на неговото влегување во сила.

ОДЛУКА НА УСТАВНИОТ СУД НА РМ, У. бр.211/2006
(„Службен весник на РМ" бр. 148/08)

1. СЕ УКИНУВА член 32 став 1, член 51 став 4 точка 1 во делот „или за лице кое може да даде известување за сторени кривични дела или прекршоци или за сторителите на такви дела" и член 97 став 2 во делот „за работни места со посебни должности и овластувања утврдени со актот за систематизација на работните места во полицијата" од Законот за полицијата („Службен весник на Република Македонија" бр.114/2006).

2. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНА ОДРЕДБА
од Законот за дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.6/09)

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.

ОДРЕДБА
од Законот за внатрешни работи
(„Службен весник на РМ" бр.92/09)
со која е интервенирано во Законот за полицијата

Член 167

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 19/95, 15/97, 55/97, 38/2002, 33/2003, 19/2004, 51/2005, 84/2008 и 6/2009) и членовите 116, 117 и 118 од Законот за полиција ("Службен весник на Република Македонија" бр. 114/2006 и 6/2009).

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.145/12)

Член 70

Подзаконските прописи од членовите 68 и 69 од овој закон ќе се донесат најдоцна до 1 декември 2012 година.

Член 71

Одредбите на членовите од 47 до 54 од овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 декември 2012 година.

Член 72

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 декември 2013 година, освен одредбите на членовите 2, 3, 9 и 10 од овој закон кои ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.41/14)

Член 5

Директорот на Бирото со денот на започнувањето на примена на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

Член 6

Одредбите од член 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат да се применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.33/15)

Член 11

Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.31/16)

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.106/16)

Член 4

Подзаконскиот пропис од членот 3 од овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.120/16)

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.21/18)

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.21/18)

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РМ" бр.64/18)

Член 2

Одредбите од членот 16 став (2) точка 5) од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16 и 21/18) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 16 став (2) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Директорот на Бирото кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РСМ" бр.294/21)

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РСМ" бр.89/22)

Член 7

Директорот именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван, во согласност со одредбите од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија" број 114/2006, 6/2009, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 294/21).

Член 8

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Подзаконскиот акт што се однесува за содржината и начинот на водење на евиденциите на полицијата и формата и содржината на образецот на евиденциите на полицијата ќе се усогласи со овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РСМ" бр.160/25)

Член 20

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон, ќе се донесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година, освен одредбите од членовите 1, 15, 17 и 19 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РСМ" бр.258/25)

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 13 мај 2026 година, освен одредбата од членот 2 која ќе започне да се применува од 1 февруари 2026 година.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за полиција
(„Службен весник на РСМ" бр.15/26)

Член 7

Во членот 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за полиција („Службен весник на Република Северна Македонија" број 160/25), зборовите: „по девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: „од 1 јули 2026 година".

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јули 2026 година.